Студентите кои нема да го освојат минимумот број поени (12) се елиминираат од натамошното полагање и освојување на поени и се упатуваат на полагање испит.

Освоените поени по сите основи и завршната оценка, и тоа за освоени:

- 51 до 60 поени оценка 6
- 61 до 70 поени оценка 7
- 71 до 80 поени оценка 8
- 81 до 90 поени оценка 9
- 91 до 100 поени оценка 10

Завршното оценување се врши писмено, или усмено, доколку тоа го бара студентот. Завршното оценување се изразува со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Завршното оценување го врши наставникот, односно комисија, при што како основа се земаат резултатите од континуираната проверка на знаењата остварена преку тестови, колоквиуми, есеи, работилници, семинари и други видови проверка на знаењата.

## 4.3. Соодност на положени и неположени испити

Проодноста при полагањето на студентите по факултети, е најниска на факултетот за стоматологија, каде што студентите испитите ги полагаат од прв пат во 87%, потоа на Факултетот за економски науки, каде од прв пат студентите ги положуваат испитите во 91%, на факултетот за правни науки 94%, Факултетот за информатика 97% и Факултетот за арт и дизајн 99%. Ваквата состојба е резултат на пристапот на студентите, пред се практичниот карактер на програмите кај факултетите за информатика и арт и дизајн и теоретскиот пристап кај другите факултети.

**ПРОЦЕНТ НА ПОЛОЖЕНОСТ ИСПИТИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ПРИ ПОЛАГАЊЕТО во %**

**Табела број 4.3.1:**

| Факултет | Прв пат | Втор пат | Трет и повеќе |
|---|---|---|---|
| Факултет за економски науки | 91 | 8 | 1 |
| Факултет за информатика | 97 | 3 | 0 |
| Факултет за арт и дизајн | 99 | 1 | 0 |
| Факултет за правни науки | 94 | 5 | 1 |
| Факилтет за детективи и криминалистика | 96 | 3 | 1 |
| Факултет за стоматологија | 87 | 10 | 3 |
| ВКУПНО | 92 | 7 | 1 |

Графички процентот на положеност на испите се прикажува на следниов графикон:

**Графикон број 4.3.1:**




| | Економски | Информатика | Арт и дизајн | Правен | Детективи | Стоматологија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прв пат | 91 | 97 | 99 | 94 | 96 | 87 |
| Втор пат | 8 | 3 | 1 | 5 | 3 | 10 |
| Трет и повеќе | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 |

## 4.4. Струки за кои се оспособуваат студентите

Студентите на Рвропскиот универзитет се оспособуваат за следниве струки:

### Факултетот за екомномски науки

- **Дипломиран економист -** во областа наФинансии; Менаџмент; Маркетинг, по завршени четиригодишни студии,

- **Магистер по економски науки** во областа на **Финансиски менаџмент, Менаџмент, Маркетинг,** по завршувањето на вториот циклус на студии по програмата 4 + 1

-

- **Магистер по економски науки** во областа на **Финансиско-банкарски менаџмент**, **Маркетинг менаџмент**, по завршување на вториот циклус на студии по програмата 3 + 2.

### Факултет за информатика

- **Дипломиран информатичар** во областа на **Компјутерски мрежи и комуникаци** или **Софтверско инжињерство, програмирање, и мултимедија**, по зврщување на четврта година и одбрана на дипломска работа.

- **Магистер по информатика** во областа на **Компјутерски мрежи и комуникации или**

**Софтверско инженерство, програмирање, и мултимедија и Електронски криминал** по завршување на вториот циклус на студдии и одбрана на магистерски труд,

### Факултет за арт и дизајн:

- **Дипломиран дизајнер** во областа на **Графички дизајн, Ентериер дизајн или Моден дизајн** по зврщување на **четврта** година и одбрана на дипломска работа.

- **Магистер по дизајн** од областа на **Графички, Ентериер или Моден дизајн** по завршување на семестар 9 и 10 со изработка и одбрана магистерски труд со две можности:

  - **Магистер по дизајн** од областа на **Графички, Ентериер или Моден дизајн** со одбрана на истражувачки мгистерски труд ,

o **Магистер по арт** од областа на **Графички, Ентериер илиМоден дизајн** со презентирање на изработен дизајн проект или по организрање изложба .

## Факултет за правни науки

- **Правник** по завршени стручни студии од прв циклус (180 кредити), тригодишни студии,

- **Дипломиран правник** по завршени стручни студии од втор циклус (240 кредити), четиригодишни студии,:

- **Магистер по правни науки** по завршени академски студии по правни науки (последипломски научни студии), 240+90 (330 кредити),

- **Магистер по право** по завршиени стручни студии од втор циклус, кои содржат 120 кредити (последипломски стручни студии), 180+120 (300 кредити).

## Факултет за детективи и криминалистика

- **Дипломиран детектив** во областа на **Безбедност или криминалистика** по завршување на четврта година и одбрана на дипломска работа,

- **Магистер за безбедност** насока **Национална безбедност или Криминалистика** со завршување втор циклус студии, по одбрана на магистерски ,

-

- **Специјалист за безбедност** насока **Кационална безбедност или Криминалистика** со завршен втор циклус студии (3+1+1) во зависност од изборот на модулот за студирање во вториот семестар, по одбрана специјалистички труд, односно со завршувањето на специјализацијата преку објавување на валиден труд,

## Факултет за стоматологија

- **Доктор по стоматологија** по завршување на петтата студиска година

### Факултет за политички науки

**- Магистер по политички науки** насока: **Применета политика, Меѓународни односи и дипломатија, комуникации и медиуми** по завршување на студиите и одбрана на магистерскиот труд.

## 4.5. Времетраерње на студирањето

Студирањето на Европскиот универзитет по факултети го има следново времетраење:

***1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ:***

- Прв Циклус четиригодишни студии - осум семестри
- Втор циклус студии 4+1 - два семестри
- Втор циклус студии 3+2 - четири семестри

***2. ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА***

- Прв циклус на студии 4 + 1 - осум семестри
- Втор циклус на студии 4 + 1 - два семестри
- Втор циклус на студии 3 + 2 - четири семестри
- Трет циклус на студии 3 години - шест семестри

***3. ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН***

- Прв циклус на студии 4 + 1 - осум семестри
- Втор циклус на студии 4 + 1 - два семестри
- Втор циклус на студии 3 + 2 - четири семестри

### *4. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ*

- Додипломски правни студии во траење од три години - шест семестри
- Стручни правни студии од втор циклус три години плус една - два семестри
- Студиска програма за академски студии по правни науки - две години - четири семестри
- Студиска програма втор циклус (последипломски стручни студии) - две години - четири семестри

### *5. ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА*

- Прв Циклус четиригодишни студии - осум семестри
- Втор циклус студии 4+1 - два семестри
- Втор циклусстудии 3 + 1 - Специјализација- два семестри
- Втор циклус студии 3 + 1 + 1 + 1 магистратура четири семестри

### *6. ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА*

- Студии - пет години - десет семестри

### *7. ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ*

- Втор циклус 3 + 2 - четири семестри
- Втор циклус студии 4+1 - два семестри

# 5. Самоевалуација поврзана со студентите

## 5.1. Пријавени и запишани студенти

Во академската 2015/2016 година на Европскиот Универзитет Република Македонија студираат вкупно 1.136 студенти. Од Вкупниот број на студенти 160 или 14,0% се студенти во прва година, 339 или 29,5% во втора година, 357 или 31,4% во трета година, 79 или 6,9% во четврта година, 88 или 7,7% во петта година на модел 3 + 2, и 88 или 7,7% магистранти и 16 или 1,4% се запишани на модел 4+1.

**Графиикон број 5.1.1:**



За одбележување е дека бројот на студентите во прва година  во учебната 2015/2016 година е помал во однос од претходната, како резултат на тоа што, нема запишани студенти во порва година од Република Турција, кој значително поголенм во однаос на студентите од Република Македонија. И бројот на студентите запишани во прва година од Република Македонија е исто така помал што е резултат на политиката на државата за  поттикнување на студентите за запишување на државните универзитети мпод многу поповолни економски услови, кои за приватните универзитети се неприфатливи.

Од вкупниот број студенти кои студираат на Европскиот универзитет на прв циклус на студии, студираат 953 или 83,9%,  а на  втор циклус 183 или 16,1% студенти. Ваквата состојба е резултат на  бројот на запишани студенти  од Турција кои студираат на прв циклус на студии

**Графикон број 5.1.2:**




Од вкупниот број студенти, 667 или 58,2% се  студенти од Република Македонија, 439 или 38,3% се студенти од Република Турција, и 40 или 3,6% студенти

од други земји (Србија 8, Хрватска 4, Бугарија 5, Германија 4, Шведска 3 , Совенија 3, Швјцарија 2, Австралија 2 Холандија 1, Црна Гора 1, Косово 1, Јужно Африканска Република 1).

**Графикон број 5.1.3:**




Според националната стуктура на вкупниот број од 1.136 студенти што студираат на Европскиот универзитет, во учебната 215/2016 година, 543 или 47,8% се Македонци, 473 или 41,6% Турци, 92 или 8,1% Албанци, 9 или 0,8% Срби, 8 или 0,7% Бошњаци, 8 или 0,7% Роми, 2 или 0,2% Власи, 1 или 0,1% Грци %.

Според националната стуктура на вкупниот број од 1.136 студенти што студираат на Европскиот универзитет, во учебната 215/2016 година, 543 или 47,8% се Македонци, 473 или 41,6% Турци, 92 или 8,1% Албанци, 9 или 0,8% Срби, 8 или 0,7% Бошњаци, 8 или 0,7% Роми, 2 или 0,2% Власи, 1 или 0,1% Грци %.

**Графикон број 5.1.4:**




Од вкупниот број на студенти што студираат на Европоскиот универзитет Република Македонија 28% се женски а 72% машки. Ваквата состојба, во најголема мера е резултат на тоа што бројот на машки студентии што студираат на ЕУРМ од Турција е за три пати поголем од бројот на женските.

**Графикон број 5.1.5:**




Во Учебната 2015/2016 година студентите на Европскиот универзитет полагале 4.545 пати, од кои 4.185 или 92,1% од испитите се положени од прв пат, 309 или 6,8% од втор пат и 51 или 1,1% по трет ило повеќа пати.

**Графикон број 5.1.6:**




Вкупниот број на студенти по факултети е следниот:

- Факултет за економски науки 119 или 10,5%,
- Факултет за информатика 71или 6,3%,
- Факултет за арт и дизајн 104 или 9,2%,
- Факултет за правни науки 313 или 27,4%,
- Факултет за детективи и криминалистика 146 или 12,9%
- Факултет за стоматологија (заедно со студентите од Вишата школа за стоматолошки техничари) 383 или 33,7% и

**Графикон број 5.1.7:**




Бројот на студентите е најголем на Факултетот за стоматологија и Факултетот за правни науки како резултат на бројот на студентите од Турција кои во оваа учебна година се студенти на втор и трета година.

Од вкупниот број на студенти што студираат на ЕУРМ според циклусите на студирање по факултети структурата е следна:

**Табела број 5.1.1:**

**СТРУКТУРА НА СТУДЕНТИ ПО ЦИКЛУСИ НА СТУДИРАЊЕ во %**

| Факултет | Вкупно | Прв циклус | Втор циклус |
|---|---|---|---|
| Факултет за економски науки | 14,1 | 11,1 | 29,5 |
| Факултет за информатика | 5,7 | 5,1 | 9,3 |
| Факултет за арт и дизајн | 8,6 | 8,5 | 9,3 |
| Факултет за правни науки | 26,8 | 27,4 | 24,0 |
| Факилтет за детективи и криминалистика | 16,1 | 13,7 | 27,9 |
| Факултет за стоматологија | 28,7 | 34,2 | 0 |
| ВКУПНО | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Од изнесените податоци може да се заклучи дека најголемиот број на студенти, во вкупниот број и на првиот циклус на студии студираат на Факултетот за стоматологија и Факултетот за правни науки, што е резултат на студентите од Турција кои студираат само на овие два факултети. Бројот на студентите што студираат на втор циклус е реечиси е најголем на Факултетот за економски науки, а одма зад него е факултетот за детективи и криминалистика и факултетот за правни науки. Нешто помал е бројот на студенти на факултетите за арт и дизајн и на факултетот за информатика, што е резултат на фактот што на овие факултети и во првиот циклус на студии има запишано помалку студенти во претходните години. Графички структурата на студентите на ЕУРМ по факултети се прикажува на следниот графикон:

**Графикон број 5.1.8:**




Според полот на стдентите по факултети треба да се истакне на сите факултети бројот на студентите од машки пол е поголем и тој по факултети е следниов

Табела број :

**БРОЈ НА СТУДЕНТИ НА ЕУРМ СПОРЕД ПОЛОТ УЧЕБНА 2015/2016**

| **Факултет** | **Машки** | **Женски** |
|---|---|---|
| Факултет за економски науки | 86 | 33 |
| Факултет за информатика | 65 | 6 |
| Факултет за арт и дизајн | 38 | 68 |
| Факултет за правни науки | 245 | 68 |
| Факилтет за детективи и криминалистика | 113 | 33 |
| Факултет за стоматологија | 273 | 110 |
| ВКУПНО | 818 | 318 |

**Графикон број 5.1.10:**




| | Економски | Информатика | Арт и дизајн | Правен | Детективи | Стоматологија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 72 | 92 | 37 | 78 | 77 | 71 |
| Женски | 38 | 8 | 63 | 22 | 23 | 29 |

Од графиконот може да се заклучи дека бројот на машки студенти е многу висок на факултеттот за Информатика, а бројот на студенти од женски пол е доста висок на Факултетот за арт и дизајн, што е резултат на изборот на занимањењто на студентите,пвеѓето од женските се определуваат за уметничките занимања односно за дизајн ,а машките за програмирањето. На другите факултети соодносот меѓу машките и женските е во соодноc нешто повеќе од две третини од студентите да се од машки пол.

## 5.2. Учество на студентите во оценувањето на наставнообразовната дејност на Универзитетот

Оценувањето на наставнообразовната дејност од страна на студентите на Европскиот низ формите на одговор на прашања при спроведувањето на самоевалуацијата. Оценувањето студентите го вршаст за секој професор на одделните факултети преку давање на оценка од еден до пет на следниве прашања:

- Дали од наставникот е покажано знаење во наставната област?
- Дали предавањата се јасни и разбирливи?
- Дали начинот на презентирање на материјата е ефектен и го задржува Вашето внимание?
- Дали на часовите се разработува предвидената наставна програма?
- Како ја оценувате реалноста на оценувањето од страна на наставникот?

***Од спроведената анкета за тоа како е оценета наставно образовната дејност добиени се се истакнува дека студентите на Европскиот универзитет со високи оценки просечно над 4,5 истакнуваат дека наставниот кадар покажува знаење во наставната област во која ги држи предавањата, предавањата се јасни и разбирливи, начинот напрезентирање на материјата е ефектен и го задржува вниманието на студентите и секогаш се разработува материјата предвидена со наставната програма за соодветниот предмет.***

## 5.3. Форми на културни и спортски активности на студентите

Студентите на Европскиот универзитет остваруват бројни културни и спортски активности. Тоа се активности кои се однесуваат на организирање на бруцошки вечери за студентите од прва студиска година и апсолвентски вечери за студентите апсолвенти, од трета година за прв циклус на студии по моделот 3 + 2 и за четврта година по моделот на студии 4 + 1. За студентите, апсолвенти, покрај апсолвентските вечери се организира и апсолвентска екскурзија низ определени земји во Европа, а се посетуваат и културни претстави и одење на спортски натпревари.

Спортските активности на Европскиот универзитетсе остваруваат како активности за организирање на турнири во мал фудбал, ракомет и одбојка, пинг понг и други спортови. Екипи на Европскиот универзитет учествуваат и на Универзитетските спортски игри.

Студентите нод европскиот универзитет, исто така, учествуваат и на студентски средби организирани од универзитети од Република Македонија и универзитети од странство.

## 5.4. Учество на студентите во управувањето со универзитетот

Студентите учествуваат во управувањето со **Универзитетот** преку свои претставници во органите на **Универзитетот**, преку формите на самоорганизирање или на друг начин.

Во рамките на своето право на управување студентите:

- донесуваат и остваруваат програма на различните форми и видови на интересни дејности, организирани на **Универзитетот**;
- ги разгледуваат и на надлежните органи им даваат мислење за Статутот, другите општи акти и за другите прашања кои се однесуваат на правата и должностите на студентите;
- избираат свои претставници во органите на **Универзитетот**;
- учествуваат во кандидационата постапка за избор на декан;
- расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес на студентите.
- избираат студентски парламент на универзитетот и интеруниверзитетскиот парламент.

Студентскиот парламент на Универзитетот ги:

- застапува студентите,
- ја одржува и унапредува соработката со студентите и студентските организации и парламенти од универзитетите во Република Македонија и од другите земји,

- ги унапредува погледите настудентите по прашањата и проблемите од областа на високото образование како целина,
- ги унапредува и развива интересите на студентите во областа на општествено-економските прашања кои директно се одразуваат на статусот на студентите,
- ги заштитува студентските права, образовни, економски, академски, граѓански, социјални и други,
- развива културни активности на студентите, спортско рекреативни дејности, научно истражувачки дејности, хуманитарни, еколошки, здравствени и други општествени корисни активности.

Студентскиот парламент на Европскиот универзитет, како највисок орган на студентите го сочинуваат 25 член од од секоја година по еден претставник од прв и втор циклус на секој факултет. Студентскиот парламент има извршен одбор составен од претседател, два потпретседатели и раководители на сектори.

Студентите се застапени со по еден член во ректорската управа и наставно научните совети на факултетот, учествуваат како членови во Комисијата за самоевалуација и во други органи кои се избираат на универзитетот.

# 6. Соработка со органи и ореганизации во земјата и странство

## 6.1. Соработка со стопански организации со владини и невладини организации

Соработката со стопански морганизации со владини и невладини организации се обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Исто така, студентите, преку клиничката настава, имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа на науките кои се изучуваат на универзитетот.Најчесто практикуван облик на комуникација со компаниите и организациите беше доставувањето на писма, телефонски и електронски комуникации, посета на некои од овие организации и други форми на соработка и комуникација. Соработката се остварува со непосредна соработка и со склучении посебни договори за деловна соработка. Предмет на склучените договори е воспоставување и организирање на меѓусебна деловна, академска и професионална соработка помеѓу договорените страни за реализација на практична наставаза сите студенти од од дејностите на науките што ги покриваат одделните факултети.

Во текот на 2014 до крајот на 2015 година, студентите покажаа висок степен на заинтересираност за изведување на практичната обука и тоа низ повеќе форми со :

- самоиницијативност за наоѓање на институции во кои би ја изведувале практичната работа,
- уредно исполнување на административните работи, како што се добивањето упатница, оправдувањето за отсуството од настава и вежби,
- документирање за изведената практична обука и препорака за нивно идно

вработување.

Особено до израз доаѓа самоиницијативноста на студентите кои сами си одбираат компании каде ќе ја одржат практичната обука.

За одбележување е дека ниту една институција за студентите од Универзитетот немаше забелешки или друг вид приговори за однесувањето на студентите во однос на обврските што ги имаа во соодветните институции, ниту за односот спрема вработените и имотот на институциите. ***Од поголем број компании, организации и институции се искажани мошне позитивни оценки за знаењето на нашите студенти, за нивното одговорно однесување и за нивните квалитети и како идни стручњаци и како луѓе.***

За стдентите на Европскиот универзитет, се организараа посети во институциите на правосудниот систем., адвокатски канцеларии и други форми на организирање, како што е Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ, Институтот за промовирање сообраќајна култура и друго.

Од студентите на Европскиот универзите, пред се од Факултетот за детективи и криминалистика остварени се посетаи на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Дирекција за заштита и спасување, реализирана е 15-дневна практика во организационите единици на Министерството за внатрешни работи.и е остварено учество на две НАТО симулацации. Студентите од овој факултет присуствуваaa на Меѓународниот високо образовен – безбедносен проект „Летен кампус 2015 година” кој се реализираше во ЦО „Пепелиште”, на АП „Криволак”

## 6.2.Учество во проекти според Европски програми

Во периодот од почетокот на академската 2014 до крајот на 2015 година Универзитетот, преку Факултетот за информатикаа, беше вклучен во оствари значајна меѓународна соработка која во основа беше насочена кон привлекување на странски студенти од повеќе земји во светот. Меѓународната соработка беше насочена и кон потпишување договори за соработка со странски универзитети.следниве научно-истражувачки проекти:

***ProjectID: ERAZMUS JPGR 511342 – iKnow***

*Наслов*: Иновација и управување со знаење за изградба на Е-студент информацискиски систем наречен iKnow

*Title*: Innovation and Knowledge Management towards eStudent Information System iKnow

Главна цел на проектот е модернизирање на студентските активности во рамките на Управата на Универзитетот преку примена на иновативни техники за управување со знаење, кои поддржуваат модерно дизајнирани е-сервиси со ИТ поддршка. Учесници во

проектот се три интернационални институции од Европската Унија и шест универзитети од Македонија (вклучително ЕУРМ).

***ProjectID: ERAZMUS QUESTE-SI project***

*Наслов*: Систем на одржливост и квалитет за Европското Научно и Техничко образование

*Title*: The Quality System of European Scientific and Technical Education

Главна цел на проектот е да ја промовира одржливоста во областите на техничко и инженерско образование. Одржливоста е дефинирана како интеграција на разни димензии (кои посебно се однесуваат на економија, социјала и природна околина) а кои егзистираат и се јавуваат надвор од техничките димензии типични за инженерското образование. Учесници во проектот се деветнаесет (19) интернационални институции од Европската Унија, една од Русија и само еден универзитет од Македонија (ЕУРМ).

***ProjectID: HORIZON2020***

*Наслов: Обука HORIZON2020 - Програма за истражување и иновации*

*Title:* Project Development Training on utilizing the EU funds of the new MFF 2014-2020, HORIZON2020 - The EU Framework Programme for Research and Innovation

## 6.3. Размена на студенти

Преку програмата за студентска мобилност, студентите од Европскиот универзитет имаат можност да заминат на доедукација во странство, а трошоците да бидат покриени преку разни фондови, проекти и стипендии,  пред се преку програмата Еразмос, Темпус, и други. Вотекот на претходните години објавени се конкурси за избор на најдобрите стусденти за студиски престој во Белград и Љубљана и во Истамбул Турција.

Во овој циклус од Еразмус размената заминува и двајца наставници, како дел од програмата за размена на наставници и вработени во високообразовните установи. Вработените заминуваат во Словенија и во Турција.

## 6.4. Форми на соработка со дипломирани студенти

Европскиот универзитетпостојано ја одржува соработката со своите студенти и по завршувањето на нивните студии. Наставниот кадар секогаш е подготвен да им помогне на дипломираните студенти доколку имаат некакви двоумења или потреба од консултации, а тие пак, постојано го промовираат и поддржуваат Европскиот

универзитет во целина. Често им се даваат препораки или мислења за некој одреден проблем. Дипломираните студенти на Европскиот универзитет се поврзани мрежно. Сите студенти имаат е-маил адреса од Европскиот универзитет. Исто така, тие се меѓусебе поврзани преку социјалните мрежи Фејзбук и Твитер.

Дипломираните студенти на Европскиот универзитет се уште се млади, многумина од нив се вработени во банки, министерства, во приватни фирми, наследени од своите родители или новоформирани. Многу често на студентите им се потребни препораки за студирање во странство, или мислења за некој одреден проблем на работа, па тогаш не посетуваат. Со заедничката работа, на студентите и професорите од Универзитетот потврдуваме вистинската вредност за мерката на квалитет на универзитетот

# 7. Научно истражувачка активност

## 7.1. Објавени публикации

Во рамките на научно истражувачката работа. Европскиот универзитет од одржаните Меѓународни научни конференции публикуваше;

- Зборник на трудови: „Нови простори во науката и уметноста" Скопје, 19 јуни 2015
- Во соработка со Македонското здружение за маркстинг:
    - Македонско меѓународно списание за маркетинг МАРКЕТИНГ, број 1
    - Македонско меѓународно списание за маркетинг МАРКЕТИНГ, број 2

## 7.2. Научно истражувачки проекти

Европскиот универзитет од почетокот на 2015 година го реализираше Нучно истражувачкиот проект: „Општествените димензии на на изборниот процес - примерот на Република Македонија"

## 7.3. Објавени научни трудови

Во текот на 2015 и првата половина на 2016 година наставниците и соработниците на Европскиот универзитет имаат објавено 127 научни трудови во зборниците од Меѓународните конференци, и списанија во замјата и во странство.Во тие рамки, 38 труда се објавени од наставници и соработници од Факултетот за економски науки10 од Факултетот за информатика, 11 од Факултетот за арт и дизајн, 18 од факултетот за правни науки, 20 од Факултетот за детективи и криминалистрика и 30 од Факултетот за стоматологија.

## 7.4. Организирани научни собири и конференции

Европскиот универзитет оваа учебна година од почетокот на учебната 2015 година до мај 2016 година ги организираше следниве конференции:

- Петтата Меѓународна научна конференција со наслов "Нови простори во науката и уметноста" која се оддржа на 19 јуни, 2015 година. И
- Втората Меѓународна научна конференција со наслов: "Нови предизвици за маркетингот – теорија и практика" во соработка со Македонското здружение за Маркетинг – Маркетинг Скопје одржана на 11 и 12 Февруари 2015година,
- Третата Меѓународна научна конференција Практични искуства и развивање на идеи за улогата на маркетингот во бизнисот, во соработка со Македонското здружение за Маркетинг – Маркетинг Скопје одржана на 23 март 2016 година

Наставно-научниот кадар, но и соработничкиот кадар од од факултетите активно учествуваа со свои презентации, дебати, излагања на конференциите оддржани при Европскиот универзитет-Република Македонија, но и надвор од него. Посебно се истакнува дека поголем број студенти учествуваа на меѓународни научни конференции и проекти со сопствени трудови и излагања.

## 7.5. Предавања од наставно научни работници од странство

Европскиот универзитет е првата институција од Република Македонија која стана член на IACBE која го верификува квалитетот на образованието и организира и годишни конференции каде што ги запознава институциите со најновите практики во високото образование. На Европскиот универзитет се одржа конференција "Квалитетот на високото образование", каде свои излагања и дискусии имаа десетина излагачи - еминентни професори. Темите на се дебатирше се осовременување на Болоњскиот процес, стратешкото здружување и партнерство, маркетинг, комуникациски и информатички технологии. Одржани се и работилници  на темата "Маркетинг во високото образование и "Предности на информатичките и комуникациски технологии во високото образование".

# 8. Оцена на извршувањето на обврските од академскиот кадар на Универзитетот

## 8.1. Критериуми за избор

Наставната и научно-истражувачката дејност на Европскиот универзитет ја остваруваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни звања и соработници.

Високообразовна дејност на универзитетот може да врши само лице избрано во наставно-научно звање за времето за кое е избрано. Високообразовна дејност за втор циклус студии и за докториски студии може да врши и лице избрано во наставно-научно звање, согласно со одредбите од Законот за научно-истражувачка дејност, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

На факултетите на Европскиот универзитет, лицата се избираат во наставно-научните звања:

- доцент,
- вонреден професор и
- редовен професор.

На факултетите на универзитетот се избираат и лица во научни звања:

- научен соработник,
- виш научен соработник и
- научен советник,.

На факултетите на универзитетот се избираат и лица во наставно-стручни звања

- лектор и
- виш лектор за изведување настава по јазик.

На Универзитетот за реализирање на наставата по спорт, специјално физичко образование, логорување и други практични предмети лицата се избираат во наставните звања:

- предавач и
- виш предавач.

На факултетите на универзитетот се избираат лица и во звања:

- насловен доцент,
- насловен вонреден професор,

Елементи кои задолжително се земаат предвид за избор во звањето **доцент,** покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оцена во рефератот на рецензентската комисија, се:

- научен степен доктор на науки во научната област во која се избира;
- објавени најмалку пет научни трудови, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во струката;
- покажана способност за квлаитетно изведување на наставно-образовната работа;
- издадено интерна скрипта од вежби или практикум, или најмалку десет стручни (научно-популарни) трудови;
- учество во научни проекти;
- учество во работата на стручни здруженија или други форми на наставно-

научна работа на факултетот и универзитетот.

Елементи кои задолжително се земаат предвид за избор во звањето **вонреден професор**, покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во реферастот на рецензентската комисија, се:

- научен степен доктор од научната област во која се избира;
- објавени најмалку седум научни трудови при првиот избор во тоа звање, односно три меѓу два избора, од кои на пет да биде прв автор, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во струката;
- придонес во оспособувањето соработници и помлади наставници;
- покажана способност за квалитено изведување на наставно-образованта работа;
- учество со реферати на меѓународни научни собири и учество во научни проекти;
- одржани предавања на втор циклус студии, или раководење на семинар за втор циклус студии, или членување во комисија за одбрана на магистерски трудови или докторати;
- објавени учебници;
- објавени најмалку десет стручни (научно-популарни) трудови при првиот избор во тоа звање, односно пет меѓу двата избора;
- ментор на магистерски трудови;
- учество во работата на стручни здруженија или други форми на наставно-научна работа на факултетот и на Универзитетот.

Елементи кои задолжително се земаат предвид за избор во звањето **редовен професор**, покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на рецензентската комисија, се:

- научен степен доктор на науки од научната област за која се избира;
- објавени најмалку девет научни трудови при првиот избор во тоа звање, односно три меѓу два избора, од кои на пет да биде прв автор, односно јавно изведени или претставени уметнички дела во облик признат во струката;
- покажана способност за квалитено изведување на наставно-образованта работа;
- учество со реферати на меѓународни научни собири и учество во научни проекти;
- престој во меѓународни научни центри или на високообразовни институции во странство;
- раководител или учесник во научни проекти;
- ментор на магистерски или трет циклус трудови;
- издадени учебници;
- учество во работата на научни и на стручни здруженија на факултетот и на Универзитетот;
- објавени најмалку десет стручни (научно-популарни) трудови при првиот избор во тоа звање, односно пет меѓу двата избора;
- значително влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката во соодветната област;
- придонес во создавањето и оспособувањето на соработници и помлади наставници и оспособеност за изведување воспитно-образовна работа.

За наставник по **стручно-уметничките предмети**, освен за теоретските предмети, може да биде избрано и лице без докторат на науки во звањето:

- **доцент**, ако има соодветно високо образование, признати уметнички дела, успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа;
- **вонреден професор**, ако има соодветно високо образование, поголем број признати уметнички дела, ако добил јавно признание за успешно дејствување во соодветната област на уметноста и ако покажува способност за наставно-образовна работа;
- **редовен професор**, ако има завршено втор циклус магистерски студии од областа за која се избира, остварил уметнички дела односно резултати во соодветната област на уметноста кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од земјата, со кои врши значително влијание врз развитокот на таа област и ако покажува способност за наставно-образовна работа.

За **лектор** може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус студии од научната област во која се избира и покажува способност за наставна и високостручна работа, владее со проблемите на својата дисциплина, има практично искуство во наставната работа.

За **виш лектор** може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус магистерски студии од научната област во која се избира, објавени најмалку пет научни и најмалку пет стручни трудови и покажува способност за наставна и високостручна работа.

Во звањето **насловен доцент** или насловен вонреден професор може да биде избрано лице кое претставува афирмиран научен работник, афирмиран стручњак од практиката, уметник или соработник на факултетот, доколку ги исполнува условите за избор во редовно звање доцент или вонреден професор, а доколку на факултетот нема слободно место за избор во соодветното звање.

За **соработник** може да биде избрано лице  кое има завршено втор циклус магистерски студии од соодветното научно, односно уметничко подрачје или специјализација од областа на медицината, според Законот за здравствена заштита, и кое одбранило магистерски труд, се служи со еден од светските јазици и покажува способност за наставно-научна, односно наставно-уметничка дејност.

За **соработник по стручно-уметничките предмети** може да биде избрано и лице кое нема завршено соодветна магистратура, но има просечен успех најмалку 8, 00 од соодветното високо образование и покажува способност за наставно-научна и стручна работа.

## 8.2. Оценка на студентите за остварувањето на обврските и академските критериуми и стандарди

### 8.2.1. Анализа на остварувањето на обврските на наставниот и соработничкиот кадар

Студентите во основа се задоволни од степенот на покажаното знаење на наставничкиот и соработничкиот кадар. Анализата на добиените резултати покажува дека наставничкиот и асистентскиот кадар се оценети со високи оценки. Во најголем дел, просечните оценки на наставниците и асистентите се над 4,50. Графичкиот приказ е следниот:

### 1. ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

**Графикон број 8.2.1:**

**– НАСТАВЕН КАДАР -**



**Графикон број 8.2.2:**

**– СОРАБОТНИЧКИ КАДАР -**




## 2. ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

**Графикон број 8.2.3:**

**– НАСТАВЕН КАДАР -**



**Графикон број 8.2.4:**

**– СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**




## 3. ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

**Графикон број 8.2.5:**

**- НАСТАВЕН КАДАР -**



**Графикон број 8.2 6:**

**– СОРАБОТНИЧКИ КАДАР -**



## 4. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

**Графикон број 8.2.7:**

**- НАСТАВЕН КАДАР -**




**Графикон број 8.2.8:**

**– СОРАБОТНИЧКИ КАДАР -**



## 5. ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

**Графикон број 8.2.9:**

**– НАСТАВЕН КАДАР -**




**Графикон број 8.2.10:**

**– СОРАБОТНИЧКИ КАДАР -**



## 6. ФАКУЛТЕТ ЗА СТОМАТОЛОГИЈА

**Графикон 8.2.11:**

**- НАСТАВЕН КАДАР -**




**Графикон 8.2.12:**

**- СОРАБОТНИЧКИ КАДАР -**



### 8.2.2. Анализа на општиот прашалник за ЕУРМ

Со општиот прашалник се оценуваа: условите за работа, отвореноста и достапноста на службите за подршка (библиотека, студентски прашања, обезбедување, правна служба, фотокопирница...), хигиената, работата на Студентскиот парламент.

**Табела број 8.2.1:**

**РЕЗУЛТАИТИ ОД ОЦЕНУВАЊЕТО НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА СТУДИРАЊЕ НА ЕУРМ учебна 2015/2016**

| | | ФЕН | ФИ | ФАД | ФП | ФДК |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали чувствувате задоволство што сте дел од универзитетот? | 4.53 | 4.05 | 4.33 | 4.39 | 4.46 |
| 2 | Дали сте задоволни од факултетот на кој студирате? | 4 53 | 4.16 | 4.15 | 4.56 | 4.33 |
| 3 | Дали просторните услови и опременоста на универзитетот одговара на потребите за современо студирање? | 4.53 | 3.21 | 4.33 | 4.50 | 4.31 |
| 4 | Дали сите услуги кои ги нуди универзитетот ви се достапни во секое време? | 4.62 | 4.37 | 4.15 | 4.73 | 4.06 |
| 5 | Дали управата е достапна за студентите? | 4.65 | 4.5 | 4.29 | 4.94 | 4.23 |
| 6 | Колку сте задоволни од службата за студентски прашања? | 4.75 | 4.68 | 4.26 | 4.78 | 4.09 |
| 7 | Колку безбедноса и односот на вработените во службата за безбедност е задоволителна? | 4.51 | 4.11 | 4.02 | 4.37 | 4.31 |
| 8 | Колку правната служба е достапна за студентите? | 4.37 | 4.417 | 4.16 | 4.77 | 4.39 |
| 9 | Колку службата за сметководство и финансии е достапна за студентите? | 4 .20 | 4.217 | 4.15 | 4.56 | 4.12 5 |
| 10 | Дали ресурсите и услугите од библиотеката се адекватни? | 4.35 | 4.11 | 3.87 | 4.67 | 4.21 |
| 11 | Дали сте задоволни од услугите на вработените во фотокопирницата? | 4.56 | 4.26 | 3.90 | 4.44 | 4.18 |
| 12 | Како ја оценувате web страницата на универзитетот? | 4.03 | 3.78 | 3.79 | 3.53 | 4.12 |
| 13 | Дали сте задоволни од хигиената на универзитетот? | 4.61 | 4.2 | 4.00 | 4.59 | 4.38 |
| 14 | Дали сте задоволни од квалитетот на униформата? | 3.78 | 3.31 | 3.21 | 3.88 | 3.73 |
| 15 | Како го оценувате студентскиот парламент (студентската организација)? | 3.86 | 3.43 | 3.72 | 3.5 | 4.44 |
| | **Просечна оцена** | **4.39** | **4.06** | **4.06** | **4.41** | **4.23** |

Анализата на овој дел на анкетниот прашалник може да се заклучи дека студентите главно се задоволни од. условите за студирање, службата за сметководство и нејзината достапност, веб страницата на универзитетот како и хигиената на истиот. Помало задоволство се јавува кај прашањато на квалитетот на униформата

Во отвореното прашање во кое студентите можеа да искажат забелешки и сугестии за подобрување на општите услови за студирање, искажано е следното:

Треба да има спортски натрпревари и сала што ја плаќа факултетот за студентите.

Да се организираат семинари во странство каде студентитите да се дружат.

Поголем квалитетена униформата.

Да се внимава повеќе на опремата, на хардверот и софтверот

Вонредните визитинг професорите да бидат попристапни.

Да се донесат нови компјутери во лабараторијата за информатика, така што би можеле да се работат повеќе напредни апликации.

Нова опрема, вентилацијата не работи со години.

Вработените од службата за безбедност да поработат на односот спрема студентите.

Подобра организација/администрација.

Повеќе професори/асистенти.

Соопштенија на веб страната за плаќање, колоквиуми и подобро известување од страна на студентската служба.

Да се направи паркинг за студенти

## 8.3. Афирмација на наставно научниот кадар во земјата и странство

Афирмацијата на наставниот кадар на Европскиот универзитет се остварува со учество на семинари симпозиуми и конференции во земјата и учество на одделни наставници на вакви собири во странство и објавување на научниу и стручни трудови во странски списанија.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Вкупните активности сврзани со самоевалуацијата за учебната 2015/2016 се навремено и успешно се завршени согласно со утврдениот план и динамика.

Врз основа на добиените одговори во Анкетните прашалници, може да бидат истакнати следниве констатации:

## I. ЗАБЕЛЕШКИ ВО ОДНОС НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Студентите главно се задоволни од квалитетот на наставата, иако сметаат дека некаде има простор и потреба за подобрување. пред се, на квалитетот на предавањата како и односот на професорите и асистентите кон студентите. Се истакнува дека е неопходно вклучување на кадар од практиката, што со клиничката настава во наредната година може да биде реализирано.

✓ Студентите во основа се задоволни од степенот на покажаното знаење на наставничкиот и соработничкиот кадар. Анализата на добиените резултати покажува дека наставничкиот и асистентскиот кадар се оценети со високи оценки.

✓ *Во најголем дел, просечните оценки на наставниците и асистентите е над 4,5*

✓ *Презентирањето на наставната материја* покажува дека постои висока вреднуваност на наставничкиот и асистентскиот кадар и се искажани доста позитивни коментари, без некои позабележителни забелешки.

✓ Искажани се *забелешки по однос на некои понудени учебниц*и, особено за фотокопирани материјали кои се нудат како учебници

## II. ЗАБЕЛЕШКИ ВО ОДНОС НА ОПШТИОТ ПРАШАЛНИК

Студентите генерално се задоволни што се дел од Европскиот универзитет. Во однос на прашањето дали нашите студенти би го препорачале Европскиот Универзитет на некој свој пријател најголем дел одговориле потврдно

*Особено се задоволни од просторниуте услови од услугите од вработените и од хигиената на универзитеттот,*

✓ *Студентите изразуваат бвисоко ниво на задоволство во однос на другите услуги добиени од Универзитетот.*

✓ ***Незадоволство** изразуваат во однос на квалитетот на студентската униформа,*

✓ *Искажано е исто така високо ниво на задоволство од достапноста на управата за студентите,*

✓ *Исто така искажано е високо ниво на задфоволство од тоа што студентите студираат на европскиот униуверзитет и од факултетот на кој студираат.*

✓ *Искажано е ниско ниво на задоволство од работата на студентскиот парламент.*

## I I I. ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ

1. Д се подобри издавачката дејност и наставниците и на студентите да им се даваат поквалитетни учебници.

2. Секој наставник и соработник да направи увид во сопствените анкетни прашалници, како предуслов за натамошно унапредување на нивната стручност и професионалност.

3. Да се посвети повеќе време и да се создаваат услови за континуиран развој и едуцирањена наставниот и соработничкиот кадар со организирање на семинари, конференции, обуки, симпозиуми и слично, пред се меѓународно нивода се објавуваат трудови во меѓународни списанија.

4. Комисијата изразува јавна благодарност до наставниот и соработничкиот кадар за искажаното разбирање и подршка при реализацијата на оваа значајна мошне значајна активност.